# ЛЕСНИ ПАРИ

*Создајте финансиска слобода и живејте побогат живот*

**Луис Хаус**

САКАМ КНИГИ

*Оваа книга му ја посветувам на детето во мене, кое гледаше со восхит кога татко ми даваше бакшиш од два долари, што ме потсетува на посебноста со која сите ние го збогатуваме светот. Продолжете да ги издржувате подемите и падовите, добивките и загубите на ментална, емоционална и финансиска слобода.*

# СОДРЖИНА

*Вовед*.........................................................................................9

**ЧЕКОР 1:**
**ПОЗНАВАЈТЕ ЈА ВАШАТА ПАРИЧНА ПРИКАЗНА**

**Глава 1:** Вистината за парите.....................................16
**Глава 2:** Вашата парична приказна............................29
**Глава 3:** Вашиот паричен стил...................................44

**ЧЕКОР 2:**
**РЕСЕТИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ НАЧИН НА РАЗМИСЛУВАЊЕ**

**Глава 4:** Излечете ја вашата врска со парите............63
**Глава 5:** Парите и вашата значајна мисија................86

**ЧЕКОР 3:**
**ПОДГОТВЕТЕ СЕ ЗА ПОВЕЌЕ ПАРИ**

**Глава 6**
Навика 1: Навиката на начинот на размислување..102
**Глава 7**
Навика 2: Навиката на мапирање............................123

**Глава 8**
Навика 3: Навиката на монетизација........................144
**Глава 9**
Навика 4: Навиката на генијалецот..........................164
**Глава 10**
Навика 5: Навиката на магнетизмот.........................181
**Глава 11**
Навика 6: Навиката на мобилност............................202
**Глава 12**
Навика 7: Навиката на умеењето.............................224

*Заклучок: Ајде да го направиме ова!*..........................247

*Завршни белешки*......................................................258

*Благодарност*...........................................................263

*За авторот*...............................................................266

**Демант**: Верувам во вас и во моќта на „финансиската слобода“ и во „живеењето побогат живот“, но свесен сум дека овие концепти се длабоко интимни и значат различни работи за секој од нас. Ве охрабрувам да мислите на оваа книга како почеток на вашето патување за разбирање на вашата врска со парите и да истражите што значат за вас овие концепти. Она што за мене има посебно значење, за вас може да нема и во тоа нема никаков проблем!

Мојата намера не е да ветувам посебни исходи, туку да инспирирам, да информирам и да ве охрабрам да постигнете повеќе. Секоја приказна што ја споделувам од минатото е посебна за мене, а вашите приказни и резултати ќе варираат и ќе бидат посебни за вас. Податоците што ги споделувам се само информативни и не треба да се сметаат како финансиски и правни совети. Ако сакате водство по мерка, препорачувам да побарате совет од професионалци, кои ќе ви помогнат да ги постигнете финансиските цели во вашите посебни околности.

Радосен сум што ќе ве поддржувам на патувањето кон живеењето побогат живот!

# ВОВЕД

Порано крадев. Многу крадев. Тоа не е нешто со кое сега се гордеам, но кога навлегов во тинејџерските години, речиси станав клептоман. Видете, не ограбував банки ниту крадев скапи предмети, туку ја користев истата дарба што ја имав за визуелизирање и очекување, со која барав празни места на фудбалските терени и кошаркарските сали за да набљудувам продавници, бензински пумпи и ресторани.

Тоа се претвори во игра. Ќе влезев во некое место и ќе гледав дали има двојни огледала, каде што беа инсталирани камери и колку се блиску до најблискиот вработен. Се чувствував како невидлив магионичар, користев манипулација за да крадам чоколатца, купував едно додека другото го ставав во џеб. Тогаш не ни пушев, но крадев цигари *само затоа што можев.*

Навистина верував дека нема да ме фатат. И не ме фатија – сè до денот кога украдов од еден од клиентите на татко ми. Татко ми продаваше полиси за животно осигурување речиси триесет години и така го издржуваше нашето семејство. Работеше многу напорно често до доцна навечер и за викенди, за секогаш да биде праведен кон своите клиенти. Еден ден, по тренингот по кошарка,

нè одведе мене и еден од моите соиграчи на фармата на неговиот клиент, во близина на нашиот дом во Охајо. Додека седеа во кујната и работеа, јас и мојот пријател тргнавме да ја истражуваме куќата.

Кога стигнавме до подрумот, се погледнавме. Почнавме да ги отвораме ладните метални рачки на фиоките и пребарувавме низ документите за да видиме што ќе најдеме. Тогаш ја најдовме нашата награда – *дваесет и пет долари!* Сигурно сум се чувствувал дарежливо, бидејќи банкнотата од дваесет долари му ја дадов на мојот пријател, а петте долари ги задржав за себе. Полека ги затворивме фиоките и се качивме горе, горди поради пленот – барем така се чувствувавме до некаде во ноќта.

Одеднаш, почувствував како ме осветли силно светло, кое ме натера да се исправам во креветот. Над мене се надвисна огромната фигура на татко ми, кој сакаше да знае дали сум украл пари од неговиот клиент. „Не“, беше мојот сонлив одговор. „Не зедов ништо.“ Лош потег. Татко ми веќе се јавил кај мојот пријател, а тој веќе им признал на родителите.

Подоцна утрото, тргнавме на едночасовно возење до фармата, со украдените пари во мојата рака. Се возевме во тишина, но ја чувствував лутината на татко ми која зрачеше од возачкото седиште. Сè уште се сеќавам колку бев засрамен кога излеговме од автомобилот и застанавме пред фармерот. Татко ми ми кажа дека фармерот отишол да купи храна за стоката, го отворил паричникот и сфатил дека нема доволно пари. Го замислив како си оди дома со празни раце и се соочува со семејството. Кога му ги подадов парите, тој само ме погледна налутено и ги зграпчи од мојата мала леплива рака. Во мојот дотогашен живот, тоа ми беше еден од најлошите денови.

Сега, кога се присетувам на тоа, сфаќам дека крадењето на парите создало ефект на негативност – татко ми не можеше да ми верува, неговиот клиент ја прекина соработката со него, а јас ја задржав во себе лутината кон татко ми и ѝ дозволив да го обликува мојот поглед кон парите, дури и како возрасен.

Па, што е работата со парите? Зошто некои луѓе имаат смирена енергија околу нив и не се грижат колку имаат или колку трошат? Зошто други имаат огромен немир кога станува збор за нив и не сакаат да ги трошат на ништо? Опсесивно ја проверуваат состојбата на сметката во банката за да ја следат и најситната паричка. Некои луѓе се заглавени во долгови. На други не им пречи што не знаат колку кредитни картички имаат и никогаш не го проверуваат салдото во банката.

Велат дека среќата не се купува со пари. Но не се купува ни со сиромаштија. Сум бил банкротиран и деприминиран. Но сум бил и банкротиран и среќен и сум видел искрено среќни луѓе во најсиромашните делови до светот.

Сум имал многу пари и сум бил несреќен и сум бил покрај многумина богати луѓе со нездрави и уништени животи. Од друга страна, сум го имал тоа што многумина го нарекуваат многу пари и сум се чувствувал длабоко исполнет. Сум се дружел и со пребогати луѓе и сум видел здрави, убави и изобилно дарежливи животи, полни со блаженство и целосна слобода. Не треба да кажам дека вашата среќа во животот не е директно поврзана со тоа колку пари имате.

Сето тоа може да направи да чувствувате дека парите се сложени.

За повеќето од нас, сè што ни кажале за парите е погрешно. На пример, луѓето често имаат емоционална поврзаност со парите. Јас со сигурност имам. Всушност, тоа можеби е најважната *интимна* врска што *не сте знаеле* дека ја имате. Неважно дали знаете или не, веќе имате врска со парите. И сè додека не ја поправите врската со нив, ништо не може да се смени на подобро. Бидејќи ако не ви е грижа за вашите пари, ни на вашите пари нема да им е грижа за вас.

Учиме како да создаваме врска со парите исто како што учиме како да комуницираме со други луѓе кога сме деца – со набљудување и искуство. Нашиот ум го толкува тоа што го забележуваме кај родителите, постарите

членови на семејството, како и кај другите луѓе што ги среќаваме и нивниот однос со парите. Тешко е да се поправи врска со друг човек, а уште повеќе со нешто толку сложено како парите. Но колку подолго го занемарувате фактот дека врската со парите може да се подобри, толку полошо станува. Повеќето од нас, без оглед дали сме свесни или не имаат одреден тип на траума поврзана со пари и тоа влијае врз нашата приказна за парите и нашиот денешен паричен стил. Сето тоа влијае врз нашето чувство на самодоверба и, ако дозволиме, дури и врз сопствениот идентитет.

Да бидеме искрени, мислам дека многумина едноставно се откажале од обидот да сфатат како функционираат парите. Што и да прават, нешто како да не е како што треба. Мислат дека огромен дел од нивната идна среќа зависи од парите, но сметаат дека парите треба да бидат стари пријатели иако често знаат да бидат сосема непознати туѓинци, кои ги запознале на интернет. Нешто истовремено е познато и туѓо во врска со нив.

Како прво имаме проблем со финансиска писменост. Не станува збор само за тоа дека многумина од нас немаат големи познавања за парите; не сме свесни што не знаеме. И тоа се познава. Тројца од четворица Американци живеат од први до први во месецот. Еден од четворицата вели дека не заштедил пари за пензионерските денови и најмалку еден од петмина нема заштеда за итни случаи.

За жал, повеќето од нас едноставно не биле подучени како паметно да раководат со парите. Не само што не разбираме како да имаме здрав однос кон парите, туку и никој не ни кажал што да правиме со нив. Од нас се очекува или да влеземе во тоа неподготвени или да сфатиме попатно некаде меѓу средното училиште и студиите. И никој не ни дал алатки што ќе нè подготват за да си го плаќаме сами данокот, да разбереме како да одбегнуваме долгови на кредитните картички или правилно да ги инвестираме парите.

Парите играат значајна улога во обезбедувањето сигурен и удобен живот, но без соодветни алатки и обука,

луѓето заглавуваат. Од рана возраст, децата го учат тоа што го знаат за парите од своите родители. Но ако семејството ги смета парите за табу-тема, како што беше во моето семејство, тогаш децата влегуваат во светот несвесни што можат парите да *им* направат или што можат парите да направат *за нив*.

Ја напишав оваа книга зашто сакав да дознаам повеќе за моите потсвесни сфаќања за парите и да видам како можам да имам постабилен однос со парите. Повеќето луѓе се мачат цел живот со предизвиците со парите и тоа директно влијае на секоја лична врска што ја имаат, освен ако не научат како да имаат здрав однос со нив.

Во мојата емисија, *Школа за извонредност* , бев благословен во последните десет години да ги интервјуирам и да се поврзам со некои од најбогатите луѓе во светот, оние кои се издигнале од нула и заработиле милиони и оние кои изгубиле сè. Запознав и многу богати кои се несреќни и немаат добар однос со парите. Сè уште веруваат дека сè ќе изгубат или дека луѓето ги сакаат само нивните пари, па немаат доверба во другите. Станува сè постресно отколку спокојно. Сите тие луѓе ги споделија тајните со мене за што да се прави или што да не се прави со парите и најважно како да не се дозволи парите да ви го контролираат животот.

Ако сте затвореник во врската со парите, секогаш ќе се чувствувате заробени во животот. Ако се ослободите во врската со парите, ќе можете да се отворите кон богатството, какво што не сте замислувале дека може да имате – а овде не зборувам само за финансиско богатство. Затоа што, според моето мислење, парите не се најважни во животот: но тие можат да бидат средства за пристапување и зголемување на сето она што искрено ви е важно.

Па така, ако некогаш сте се прашувале: *Зошто ова со парите мора да биде толку тешко? Зошто едноставно не можам лесно да заработам пари?* имам две добри вести. Прво, не сте сами. Сите ја водиме таа борба. Второ, можете да го поправите односот со парите за да ви биде полесно. Ќе ви покажам како.

На крајот на краиштата, мојата цел за вас е да ви помогнам лесно да заработувате пари за да се чувствувате слободно и изобилно. Зашто тоа е ваше загарантирано право – да живеете достоен, радосен живот и никогаш да не дозволувате парите да ви го крадат мирот.

# ЧЕКОР 1:

## ПОЗНАВАЈТЕ ЈА ВАШАТА ПАРИЧНА ПРИКАЗНА

Напредокот започнува со самосвесност. Но голем број луѓе никогаш не застануваат да се свестат каков е нивниот однос со парите. Само ги користат без да мислат што се, зошто се однесуваат со нив на таков начин или дали природно се условени да мислат на нив.

Но ако сакате врската со парите да ви биде полесна, мора да ја откриете вашата парична приказна. Тоа е првиот чекор и почнува сега.

**Најдете повеќе ресурси за да го забрзате напредокот и да заработувате пари полесно на MakeMoneyEasyBook.com.**

# ГЛАВА I

## ВИСТИНАТА ЗА ПАРИТЕ

Може да се каже дека пораснав во семејство од средната класа. Имавме доволно пари за да преживееме и секогаш имавме храна и облека, но во нашиот дом недостигаше мир. И многу работи, како стравот, несигурноста и болката се зголемуваа кога станувaше збор за пари.

Како дете, не го разбирав вистински концептот на парите. Никој не зборувал со мене на таа тема. Тоа беше табу-тема во моето семејство и имав чувство дека е лошо кога луѓето имаат пари. Но тоа што го сфатив беше дека немаме многу, па затоа мораме да штедиме и да внимаваме како трошиме. Ако сакав пари, можев да им побарам на родителите, а тие или ќе ми дадеа или не.

Кога наполнив десет години, родителите ми даваа мал џепарлак, од околу пет долари неделно, но ништо постојано и обично само кога работев за парите. Ми плаќаа за завршување на обврските дома, како местење на креветот или собирање на валканите алишта. Таа пракса продолжи и во раните тинејџерски години, но сепак немав поим како да ги натерам другите луѓе, освен моите родители, да ми плаќаат. Страшно беше да сакаш повеќе пари, кога никој не зборуваше за тоа. Не знаев како да започнам разговор за пари и се грижев како ќе се снаоѓам кога ќе пораснам.

Да забрзаме едно десет години, кога мојата парична приказна продолжи да еволуира. Во моите рани дваесетти години, немав никакви познавања од претприемништвото. Немав ни пари, а сонот да играм професионално рагби исчезна кога се здобив со повреда на зглобот, која ми ја уништи кариерата.

Дотогаш немав искуство со работа со полно работно време. Тренирав рагби, а тоа не се плаќаше доволно играјќи во лигата Арена рагби, но се надевав дека еден ден ќе се исплати, ако стигнам до Националната рагби лига. Татко ми дарежливо ги плаќаше сите мои тренинзи и дел од факултетското образование и успеав и да добијам некои стипендии и да земам студентски кредити за остатокот од парите. Единственото работно искуство што го имав беше хонорарната работа како доставувач на весници, косач на трева на терени за голф, возач на камионет и обезбедување во клубови за време на викендите додека студирав.

Но кога имав дваесет и две години, татко ми доживеа страшна сообраќајна несреќа, по која неколку месеци беше во кома, а потоа беше инвалид кој закрепнуваше седумнаесет години додека не почина. Додека се бореше да оздрави, медицинските сметки се зголемуваа. Родители ми се разведоа кога имав шестнаесет години. Девојката на татко ми во времето на несреќата имаше полномошно и одлучи дека е најдобро да го продаде бизнисот на татко ми со животното осигурување. Дел од мене се засрами што помисли на тоа, но сфатив дека повеќе не можам да се потпирам на него за пари. Згора на тоа, го изгубив планот Б дека ќе работам со него, ако стане неопходно.

Во тој период, моето семејство доживеа многу добрини од луѓето. Некои од вработените на татко ми ми дадоа картички во кои имаше пари за да ми помогнат. Бев многу благодарен за нивната дарежливост и извесно време бев спокоен. Но тие пари траеја неколку дена, а потоа се враќав на нула.

Сиромаштијата значеше дека не можам да си дозволам да живеам во свој дом. Речиси година и пол, сестра

ми ми дозволуваше да живеам кај неа. Ако сакав да излезам, мораше да се потпирам на дарежливоста на пријателите и роднините, кои ми ги плаќаа оброците и забавните активности. Го мразев чувството кога некој друг плаќаше за мене.

Но продолжив напред, несигурен што може да се случи. Телесното здравје ми се влошуваше, а со него и емоционалното.

Еден ден, додека седев во автомобилот, се запрашав: *Зошто се чувствувам неисполнето? Зошто не се чувствувам задоволно кога последните години сум многу мотивиран? Постојано сум ориентиран кон исполнување на целите, но внатрешно не сум исполнет? Зошто?* Како што споделив во мојата книга *The Greatness Mindset,* мораше да ја најдам својата значајна мисија за да чувствувам повторно возбуда да сум свој.

Додека барав нови можности за да најдам работа или да заработам пари, стапив во контакт со еден од моите ментори, кој предложи да отворам профил на Линкдин. По неколкумесечно истражување на платформата, дознав дека имам можност да се поврзувам со луѓе на многу силен начин. Платформата сè уште беше во почетните години, а луѓето имаа многу прашања за тоа како најдобро да ја искористат за напредок во кариерата. Затоа истапив напред и почнав да им помагам бесплатно на луѓето. Како што сè повеќе луѓе дознаваа дека сум им помогнал на други, почнав да им наплаќам за своите услуги. Се тетеравев нанапред неколку години, некои денови сметав дека напредувам, други дека уназадувам. Да премотаме неколку години нанапред, кои ги поминав во учење, развој и додавање вредност на луѓето, не само на Линкдин туку и општо на социјалните мрежи и го заработив првиот милион во продажба.

Бев на седмо небо! Но знаете, тоа не се случи прекуноќ. Бараше преземање ризици и, повеќето денови, непрестајна работа. Она што мене ми се случи беше мое лично искуство, а вашиот пат ќе изгледа различно. Во тоа време, не мислев дека тоа е мојата крајна значајна мисија,

но барем бев возбуден по тоа прашање. Учев нови вештини им помагав на луѓето да ги надминат предизвиците и во меѓувреме ја поправав својата финансиска ситуација.

Оттогаш поминаа над десет години и поминав многу развојни фази во однос на парите и сега имам своја компанија со јасна значајна мисија: да опслужувам сто милиони луѓе седмично помагајќи им да го подобрат квалитетот на животот и да го надминат сето она што им претставува пречка. Мојата емисија, *Школа за извонредност,* продолжува да се развива како еден од најпопуларните поткасти во светот, со прекрасни гости од кои многу научив. Напишав две книги со огромна популарност и од нула се издигнав до заработка од седум до осум цифри годишно и тоа повеќе години по ред.

Не дека сум најбогатиот човек на светот и познавам многу луѓе кои заработуваат многу повеќе пари од мене. Не сум овде да ви кажувам дека сум го совладал патот на парите, но низ годините, од лично искуство, плус интервјуата на врвните финансиски експерти и некои од најбогатите луѓе на светот, научив клучни информации и стекнав важни навики.

Едно од првите сознанија кои беа клучни за мене не беше како да сфатам да ја надмудрам берзата ниту да го откријам најновиот совет за вложување во недвижности. Сето тоа си има свое место, но мојата најважна лекција за парите дојде кога бев под огромен стрес дека немам ништо. Кога имав дваесет години, го погледнав еден од моите ментори и пријатели, Крис Хокер и издрдорив: „Леле, колку добро би ми дошле пари во моментов".

И тогаш Крис го рече следново: „Парите доаѓаат кај тебе кога си подготвен за нив."

Живописно се сеќавам на мојот брз одговор. „Се чувствувам особено подготвено да заработам пари *веднаш*! Тоа ќе ми помогне да ја платам киријата и да купам храна. Не можам да купам облека или да наточам гориво – не можам да си дозволам такво нешто."

Но по неколку години сфатив дека тогаш *не* сум бил подготвен да имам пари. Ако парите дојдеа кај мене, сигурно немаше да ги задржам долго. Мораше прво да работам на себе за да се подготвам да примам пари. Така што, го направив тоа. Не се случи одеднаш; тоа беше процес кој траеше неколку години и, да бидам искрен, сѐ уште се случува во мене секојдневно.

Но кога ја прифатив таа едноставна вистина за парите, сѐ почна да се менува: за да имате повеќе пари, прво мора да се подготвите да ги примите.

**Задаиматеповеќепари,первомора дасеподготвитедагипримите.**

**- Луис Хаус**

# ПОЧНЕТЕДАБАРАТЕОДНАТРЕ

Спротивно на очекувањата, но кога се фокусирате на тоа *кои сте* и со каква посебна вредност можете да му послужите на светот, наместо *што можат да ви дадат парите,* вашата енергија и дејствување ќе привлекуваат повеќе пари во вашиот живот.

Вие – да, *вие* – сте клучот за заработка на повеќе пари. Знам дека животот може да направи да се чувствувате уништено, но со вистинската свесност и алатки, верувам дека можете да почнете да се сеќавате кои сте. Вие сте целосни. Вие сте исполнети. Пријатели мои, вие сте доволни. Но можеби нема секогаш да се чувствувате така и мојата намера е да ви покажам како да се чувствувате така тогаш кога сте празни или скршени.

Но прво, мислам дека е корисно да се разбере што се парите и што не се и да се разбере вашата врска со нив.

Еве што *не* се парите:

**ПАРИТЕ НЕ СЕ ВАШИ СПАСИТЕЛИ**. Неважно колку многу сакате, парите нема да ве спасат од ситуацијата во која се наоѓате. Нема да долетаат со огромна брзина за да ве спасат од грешките кои сте ги направиле или да ви помогнат подобро да спиете ноќе. Не можат да ви ги подобрат врските ниту да ви го спасат семејството. И нема да ви дадат чувство на внатрешен мир и исполнетост.

**ПАРИТЕ НЕ ВИ СЕ НЕПРИЈАТЕЛИ**. Парите немаат намера да ве уништат. Не се смеат во некој агол на собата, кога седите и се обидувате да сфатите како ќе ги платите сметките. Парите не се насилникот од средно училиште, кој се дружи со сите останати, освен со вас. Не ве принудуваат да ја играте лудата игра на криенка, кога подмолните што се кријат, секогаш прават вие да ги барате како луди. Ако сметате дека парите се против вас, тогаш зошто би дошле кај вас?

**ПАРИТЕ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ОДБЕГНАТ**. Некои од нас, а можеби и сите од нас, го имаат она што го нарекувам парични рани. Сите сме доживеале некаква траума во животот која на некој начин е поврзана со пари. Но за разлика од другите причини за траума во животот, не можеме едноставно да ги одбегнуваме парите. Потребни ни се за живот.

Па, ако парите не се ништо од горенаведеното, тогаш што се?

**ПАРИТЕ СЕ ЗАСИЛУВАЧ**. Парите го засилуваат она кое веќе сте. Тоа се добри вести, *ако* сте посветени да станете најдобрата верзија од себе.

**ПАРИТЕ СЕ ИГРА.** Како и секоја игра, вашето искуство со парите треба да биде забавно. Без оглед дали се обидувате да направите нешто ново, не треба да очекувате на почетокот да бидете добри во тоа. Но како што напредувате во вештините, ќе може да се искачувате на повисоки нивоа.

**ПАРИТЕ СЕ ЕНЕРГИЈА**. Парите имаат енергија и тек. Доаѓаат и си одат. Колку поцврсто ги стегате, толку помалку ви доаѓаат. Колку повеќе сакате да ги инвестирате, да ги трошите мудро и да дозволите да течат во светот, толку повеќе ќе се слеваат кон вас. Важно е да научите како да бидете во соодност со текот на парите, во секоја доба од животот.

**ПАРИТЕ СЕ РЕСУРС**. Парите ги овозможуваат работите за вас и за вашите сакани. Ви носат можности и слобода да донесувате одлуки, кои инаку не би ги донеле.